ШТО СЕ СЛУЧУВАШЕ СО КЛУЧНИТЕ СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ ВО СЕКТОРОТ РЕГИОНАЛЕН И ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА?

2019

2 x состаноци:
20.03.2019
19.09.2019

2020

1 x состанок:

27.11.2020

2021

2 x состаноци:
04.06.2021
06.07.2021

СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА ЗА РЕГИОНАЛЕН И ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ

ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ

- Во текот на 2021 година **не се забележани промени во начинот на уредување** на СРГ за регионален и локален развој. Начинот на функционирањена оваа СРГ група е уреден според деловникот за работа донесен во текот на 2019 година. На **веб страницата на МЛС** се поставени информации за ИПА прекугранична и територијална соработка, но не се поставени информации поврзани со работата на СРГ.

ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

- Во СРГ има **7 претставници на ГО** (15% од вкупниот број членови),, со статус на членови. Поканите за пленарните состаноци одржани во 2021 година биле испратени навреме до претставниците на ГО ги содржеле сите **потребни документи за состаноците**. Сепак неопходно е да се создадат предуслови за ГО преку оваа СРГ да учествуваат во процесите за идентификација, формулација и приоретизација на развојните цели, мерки и проекти за спроведување на националните политики и стратегии во дадениот сектор.

КАПАЦИТЕТИ НА ГО

- Потребна е измена на Деловникот за работа, преку кој ќе се дефинираат **моделот за избор на претставниците на граѓанските организации** и нивната улога и мандат во работата на самата секторска работна група. Сегашниот пристап не ги користи целосно капацитетите што граѓанските организации го носат со себе.

ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ

- Секторската работна група за регионален и локален развој одржа **два пленарни состанока** во текот на 2021 г. На состаноците главно се презентираат претходно изработени и донесени законски решенија, стратегии, програми и проекти.

КЛУЧНИ СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ

Децентрализација

Процесот на децентрализација е опфатен со Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година, донесена на 6 април 2021 година. Приоритетите на Програмата се групирани во четири програмски компоненти:

- *Нормативна рамка и финансирање на локалната самоуправа;*
- *Иновативен и инклузивен локален економски развој;*
- *Квалитетни локални услуги со целосна покриеност на населението*
- *Зголемена отпорност на локалната власт и одржлив развој.*

Рамномерен регионален развој

Во областа на регионалниот развој во 2021 година се донесени:

- Закон за рамномерен локален развој
- Стратегија за регионален развој 2021 -2031 година
- 7 х годишни програми за развој на планските региони

Прекугранична соработка

Во 2021 година се одвиваат проекти од пет програми за прекугранична соработка за ИПА 2:

- *Програма за прекугранична соработка Косово – Северна Македонија*
- *Програма за прекугранична соработка Бугарија – Северна Македонија*
- *Програма за прекугранична соработка Грција – Северна Македонија*
- *Програма за прекугранична соработка Албанија - Северна Македонија*
- *Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија*

Во врска со одредувањето приоритети за програмирање од ИПА 3 се одвиваа следниве активности:

- ИПА Програма за прекугранична соработка меѓу Албанија и Северна Македонија 2021 - 2027
- ИПА Програма за прекугранична соработка меѓу Косово и Северна Македонија 2021 – 2027
- ИПА Програма за прекугранична соработка меѓу Србија и Северна Македонија 2021- 2027
- ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка меѓу Бугарија и Северна Македонија 2021- 2027
- ИНТЕРРЕГ ИПА програмата за прекугранична соработка меѓу Грција и Северна Македонија 2021 – 2027
- ИНТЕРРЕГ програмата Евро-Мед 2021 – 2027
- АДРИОН – транзициска програма - Програмирање после 2020

Оваа визуелизација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на визуелизацијата е единствена одговорност на Фондацијата Отворено општество - Македонија, Центар за европски стратегии – Евротинк, Реактор - Истражување во акција и Центар за граѓански комуникации и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ОТВОРЕНО SOCIETY ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk